Република Северна Македонија
НОТАР
Зорица Пулејкова — ОДУ број 78/25
за подрачјето на Основните судови
на градот Скопје
Кузман Јосифовски Питу 15

ИЗВОД

30 мај 2025 година ----------------------------------------------------------------------------------------
Триесетти ден, месец мај, две илјади и дваесет и петта година -----------------------------------
Во Скопје, во 12 (дванаесет ) часот, 30 (триесет) минути.-----------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Јас, нотар Зорица Пулејкова, со службено седиште на бул.Кузман Јосифовски Питу број 15 во Скопје, денес, на 30 мај 2025 година (Триесетти ден, месец мај, две илјади и дваесет и петта година), на покана од СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, присуствував на седница на Собранието на акционерите на Банката која се одржа на денешен ден во седиштето на Банката на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, со почеток во 12 (дванаесет) часот и 30 (триесет) минути, при што, согласно одредбите од Законот за нотаријатот, и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговските друштва, го составив следниот ----------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ**
**на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје**

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Од страна на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје на мое барање ми беше предочена следната документација: ------------------------------------------------------------------------------

1. Тековна состојба на Банката од Единствениот трговски регистар издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, од која утврдив дека СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, е запишана во Единствениот трговски регистар што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија, со ЕМБС 4065549; ----------------------------------------
2. Акционерска книга на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со состојба на ден 28.05.2025 година, во која се евидентирани акционерите на Друштвото, со вкупен број на обични акции 17.460.180 и вкупен број на гласови 17.460.180, како и акционерите на Друштвото, со вкупен број на приоритетни акции 227.444, без право на глас. ----
3. Список на присутни акционери сопственици на обични акции или нивни претставници и акционери сопственици на приоритетни акции или нивни претставници, со број на акции односно гласови. Од наведениот список, по неговата верификација, се утврди дека на седницата на собранието се присутни акционери на Банката кои се сопственици на обични акции и нивни застапници или полномошници, со вкупно 16.599.739 гласа, што претставува 95 % од вкупниот број на обични акции со право на глас, како и акционери на Банката кои се сопственици на приоритетни акции и нивни застапници или полномошници, со вкупно 28.047 приоритетни акции односно 12% од вкупниот број приоритетни акции. ---------------

Седницата ја отвори г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска и откако ги поздрави присутните акционери и ја отвори 55-тата седницата на Собранието на акционерите на Стопанска Банка АД Скопје, наведе дека денешната седница претставува важен момент во континуираниот развој на Банката, бидејќи освен што ќе бидат разгледувани силните финансиски резултати, се воведуваат и значајни унапредувања во корпоративното управување, и ќе се гласа за распределба на долгоочекуваната дивиденда и за зајакнување на капиталната позиција на Банката, сето тоа во целосна согласност со долгорочната стратегија. Потоа ги информира присутните акционери и нивните полномошници и застапници дека преводот на денешната седница ќе биде извршен од страна на овластени преведувачи од англиски на македонски јазик и обратно кои ќе вршат превод на обраќањата на оние говорници кои ќе зборуваат на странски јазик. Исто така, при регистрацијата на акционерите за денешната седница на Собранието на акционери, сите акционери и полномошници на акционери имаат добиено картончиња за гласање со бројот на акции кои ги поседуваат или претставуваат и кои ќе бидат употребени при гласањето. Г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска ги замоли акционерите и нивните застапници или полномошници при гласањето да ги подигаат картончињата за гласање заради транспарентно броење и објавување на гласовите. Потоа ја покани г-ѓа Соња Николовска - Вукајловиќ да продолжи со формалниот дел од отворањето на седницата со избор на органите на Собранието. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Г-ѓа Соња Николовска Вукајловиќ предложи за претседавач на седницата на Собранието повторно да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, акционер на Банката, за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје, и за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Вики Тврткoвиќ, акцинер на Банката. ---------------

Од страна на акционер беше поставено прашање за давање на друг предлог за претседавач со седницата на Собранието, при што г-ѓа Соња Николовска наведе дека прво ќе се гласа по дадениот предлог, и доколку не биде изгласан, ќе се гласа по други предлози. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се стави на гласање предлогот за претседавач на седницата на Собранието да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, акционер на Банката, за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Вики Тврткoвиќ, и за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје. Акционерите, односно нивните застапници и полномошници гласаа јавно, со кревање на рака. За предлогот за претседавач на седницата на Собранието да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, акционер на Банката, за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Вики Тврткoвиќ, и за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје, акционерите односно нивните застапници и полномошници се изјаснија со 16.593.435 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 6.304 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, чиј што идентитет го утврдив преку увид во нејзината лична карта, откако се заблагодари на довербата, констатира дека на денешната седница на Собранието се поканети сите акционери на Банката преку Јавниот повик објавен во дневниот весник – Вечер, 30 дена пред одржување на седницата, односно на 30.04.2025 година. -------------------------------------------------------------------

Претседавачот наведе дека на почетокот на седницата потребно е да се утврди дали има кворум за работа и дали Собранието може да донесува полноважни одлуки. Ги информираше акционерите дека за донесување на валидни одлуки секој акционер треба да ја подигне раката односно картончето со цел да гласа, а доколку раката не е подигната или ЗА или ПРОТИВ, ќе се земе дека акционерот бил ВОЗДРЖАН. Наведе

дека вкупниот број на обични акции според Акционерската книга изнесува 17.460.180, а вкупниот број на приоритетни акции изнесува 227.444, односно вкупно 17.687.624 акции. Врз основа на Списокот на присутни и претставени акционери на седницата, Претседавачот констатира дека денешната седница се присутни и претставени акционери на Стопанска банка АД Скопје со вкупно 95 % од вкупниот број на обични акции со право на глас, и приоритетни акции со вкупно 12 % од вкупниот број приоритетни акции, така што Собранието може да продолжи со работа и да донесува полноважни одлуки. ----------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот ги информираше акционерите дека на денешното Собрание на акционери, присутни се сите членови на Управниот одбор на Банката, двајцата независни членови на Надзорниот одбор: Проф. Д-р Владимир Филиповски и Проф. Д-р. Сашо Ќосев, како и претставници од ревизорската куќа која извршила ревизија на работењето на Банката во 2024 година, ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, г.Драган Давитков, г.Симе Јовановски, и г-ѓа Стефанија Ангелеска. ------------------------

Претседавачот констатира дека Дневниот ред за денешната седница на Собранието на акционери бил објавен и отвори расправа по истиот. --------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, Претседавачот го стави на гласање предложениот -----------------------------------------------------------------------------------------------

Дневен ред

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Избор на претседавач, нотар и бројач на гласови; ----------------------------------------------
2. Разгледување на Записникот од 54-тата седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје одржана на 16 јули 2024 година;-----------------------------------
3. Разгледување на предлози поднесени од иматели на приоритетни акции: -------------
   1.Предлог за распределба на добивката на Банката за 2024 година и нераспределената добивка од претходните години, во кој ќе се предвиди износ кој што би се распределил за плаќање дивиденда и кој ќе биде сразмерно поделен помеѓу имателите на акции; -----------------------------------------------------------------------------
   2.Предлог за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, поврзано со правата на приоритетните акции; ----------------------------------------------
   3.Предлог за конверзија на приоритетни акции во обични акции согласно нивната номинална вредност. -----------------------------------------------------------------------------------
4. Донесување Одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска Банка АД Скопје; ------------------------------------------------------------------------------------------------------------
5. Утврдување на пречистен текст на Статутот на Стопанска Банка АД Скопје;--------
6. Донесување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година; ---------------------------------------------
7. Донесување на Одлука за усвојување на Консолидираната Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година; ------------------
8. Разгледување и усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор; -----------
9. Разгледување и усвојување на Консолидирани финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор; -----------
10. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД Скопје во 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор; ----------
11. Донесување Одлука за распоредување на добивката за 2024 година; ------------------
12. Донесување Одлука за прераспределба на дел од акумулирана добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите; --------------------------------------------------------

13. Донесување Одлука за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите; ---------------------------------------
14. Донесување Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2024 година; ------------------------------------------------
15. Донесување Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на обични акции; -----------------------------------------------------------------------
16.Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2024 година; ----------------------------------------------------------------------------
17.Донесување Одлука за поединечно одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и членовите на Управниот одбор за 2024 година; ------------------------
18.Донесување на Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2025 година. ---------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложениот Дневен ред акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.593.435 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 6.304 гласа-ВОЗДРЖАНИ.-------------------------------
Претседавачот констатира дека предложениот Дневен ред е усвоен со потребното мнозинство на гласови. --------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што првата точка беше исцрпена, се премина на втората точка од Дневниот ред- Разгледување на Записникот од 54-та седница на Собранието на акционери на Стопанска Банка АД Скопје. Претседавачот констатира дека Записникот бил изготвен, потпишан и достапен на увид на акционерите во согласност со законските прописи, после што отвори расправа по истиот, појаснувајќи дека акционерите по оваа точка не носат одлука. -------------------------------------------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот констатира дека Собранието го разгледа Записникот од 54-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје. --------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се пристапи кон третата точка-Разгледување на предлози поднесени од акционерите. -
Претседавачот појасни дека предлози се однесуваат на правата на двата рода на акции — обични и приоритетни. Согласно член 403 од Законот за трговски друштва, ваквите одлуки мора да бидат одобрени одделно со потребното мнозинство од секој род на акции, поради што прво ќе се спроведе гласање од страна на акционерите со обични акции, при што е утврден кворум и резултатот од ова гласање ќе биде евидентиран, а потоа ќе се утврди дали постои кворум и кај акционерите со приоритетни акции. Доколку се утврди дека нема кворум кај акционерите со приоритетни акции — односно се претставени помалку од 113.723 приоритетни акции, ќе се смета дека не може да се донесе валидна одлука по оваа точка. Претседавачот наведе дека без разлика на кворумот, отвора расправа за сите акционери кои сакаат да изразат став или да дадат коментар. -------------------------------------------------------------------
За збор се јави акционер Влатко Ташковски, имател на приоритетни акции, кој побара информација од Претседавачот кои членови од Надзорниот одбор се присутни на седницата и дали е присутен претставник на мнозинскиот акционер. Претседавачот наведе дека според информациите кои ги поседува присутни се лицата кои претходно ги наведе. На барање на акционерот, лично се претстави г. Џорџ Григоропоулос,

претставник на мнозинскиот акционер Национална банка на Грција. Г-ѓа Соња Николовска Вукајловиќ појасни дека на седницата се присутни г.Илијас Пападопулос, дел на менаџментот на Банката, и г-ѓа Евангелија Капуптси, член на Управниот одбор на Банката. Акционерот наведе забелешка на искажаното од страна на Претседавачот дека не постои кворум за гласање кај приоритетните акции бидејќи во законот постои можност за одвоено гласање. Имателите на обични акции треба да гласаат по предлозите, а имателите на приоритетни акции ако нема денес кворум можат да гласаат одвоено. Треба прво да се види исходот од гласањето на имателите на обични акции а потоа да гласаат имателите на приоритетните акции. Запраша дали присутните претставници на мнозинскиот акционер се запознати со проблемите на имателите на приоритетни акции кои траат седум години, и покрај тоа што им е познато, членовите на Надзорниот одбор не го зеле ова во предвид и одлучиле дивидендата во висина од 65 милиони евра да ја поделат само на имателите на обични акции. Предлогот на имателите на приоритетни акции е дивидендата да се подели сразмено помеѓу имателите на обични и имателите на приоритетни акции. Приоритетните акции се издадени во деведесетите години и соред тогаш важечкиот Закон за банки сите основачи на Банката имаат право на сразмерен дел на дивиденда. Тој правен однос воспоставен во 1991 година не е променет од страна на Банката до денес. Тој правен однос е нарушен од страна на Банката односно Управниот одбор на Банката кој на недозволен начин со тргување на влијание довел до тоа да се изгубат три судски спора за да Банката го задржи својот углед, авторитет и репутација. Банката ги добила судските пресуди но проблемот останал нерешен. Запраша дали е нормално да се подели 229 денари дивиденда за 1 обична акција што претставува 114% дивиденден принос за 1 основачки денар, бидејќи акцијата која ја поседува НБГ е со вредност од 201,1 денар, а добива 229 денари дивиденда. Приоритетната акција е со номинална вредност од 400 денари, а добива само 6 денари дивиденда, односно е со дивиденден принос од 1,5% на 1 основачки денар. Дивидендниот принос на обичните акции е 76 пати поголем од дивидендниот принос на приоритетните акции. Наведе дека тоа нема смисла, не е логично. Наведе дека една судска пресуда со заканувачко писмо била испратена до целиот државен врв дека ќе биде тужена државата ако акционерите со приоритетни акции го добијат спорот, откако била донесена пресуда во корист на акционерите со приоритетни акции. Судијата Фатмир Скендер му признал отворено на акционерот дека пресудата ја донел под притисок за да биде избран за уставен судија, а потоа како домино ефект сите пресуди биле во корист на Стопанска Банка. Гувернерот на Народната банка не презел ништо а ревизорите на Банката одбивале да примат допис од акционерот за забелешки на ревизијата бидејќи сакаат да бидат среќни со парите кои ги добиваат за ревизијата, а не сакаат да бидат во право, бидејќи ако го напишат ревизорскиот извештај како што треба нема повторно да бидат избрани за ревизори на Банката. Грант Тортон бил ревизор пред неколку години и одбил да го прими дописот на акционерот лично и преку препорачана пратка за да ги добие парите за ревизија. Комисијата за хартии од вредност наместо да преземе мерки испратила извстување до Банката дека Статутот е погрешен, дека гарантираната дивиденда не е во согласност со законот, дека дивидендна добивка треба да добијат приоритетните акции, но Банката одговорила ноншалантно и го игнорирала известувањето, бидејќи истото не било мерка по која Банката ќе морала да постапи. Гувернерот на Народната банка не побарал дополнителни известувања од ревизорот, иако тоа било барано од страна на акционерите со приоритетни акции, а штетата од непостапувањето на Гувернерот ја трпат акционерите со приоритетни акции. Шестмина вработени на Банката биле пензионирани како казна што учествувале во борбата во врска со

приоритетните акции. Деца на поранешни вработени во Банката биле под притисок и не напредувале во кариерата бидејќи нивните родители барале права од приоритетни акции. Акционерот побара да се прекине седницата и да се реши проблемот. Наведе дека педесет поранешни вработени на Банката починале во изминатите седум години, не дочекале правда. Генералниот директор на Банката требало да биде неутрален но ги бранел интересите на мнозинскиот акционер а не на имателите на приоритетни акции. Од страна на Банката биле платени огромни пари за да владее медиумски мрак и да не се пишува во медиумите за проблемот на акционерите со приоритени акции. Акционерот предложи да се прекине седницата и да се направат консултации со мнозинскиот акционер. Претставниот на акционерот Национална банка на Грција наведе дека тој е полномошник на акционерот Национална банка на Грција со полномошно во кое се наведени инструкции за гласење и дека нема овластување да постапува надвор од даденото полномошно. Акционерот предложи да се направи пауза од десет минути во која да се одлучи дали да се прекине седницата и истата да продолжи во рок од осум дена. Претседавачот појасни дека седницата на Собранието ќе продолжи според усвоениот Дневен ред. Во натамошното излагање акционерот наведе дека не е само тој туку 3.600 акционери се противат на постапувањето на Банката, на заканувачкото писмо се потпишани членови на Управниот одбор на Банката кои немаат интегритет, исто како и независните членови на Надзорниот одбор. Понатаму наведе дека во последните години се појавила вештачка интелигенција која одговара на вакви проблеми, дека финансиските извештаи на Банката се погрешни со години, и дека разговарал со економски експерт кој вели дека Банката дваесет години греши. Наведе дека на ЧетГПТ му го дал финасискиот извештај кој треба денес да биде усвоен, во кој во билансната состојба во ставката запишан капитал вредноста е 3 милијарди 511 милиони денари, а во забелешките стои 3 милијарди и 602 милиони. Вештачката интелигенција, која не може да се поткупи, вели дека извештајот е погрешен. Наведе дека Народната банка и ревизорите и помагаат на Банката. ЧетГПТ го упатил акционерот да се обрати до експертската јавност, но од таму не очекува решение. Сите независни ревизори кои ги консултирал рекле дека е во право а сегашниот ревизор тоа не го прифаќа. Акционерот го цитираше членот 19 од Законот за трговските друштва, наведувајќи дека истиот не се почитува од страна на Банката. Се обрати до ревизорот зошто не го тангира и зошто го игнорира дописот од Комисијата за хартии од вредност дека Статутот на Банката не е во согласност до законите. Го цитираше член 606 од Законот за трговските друштва, наведувајќи дека постои пропуст во Статутот на Банката уште од 2004 година, дека нема храброст ниту еден ревизор ова да го исправи. Наведе дека Банката со тргување на влијание има добиено пресуди во нејзина полза, а советот до акционерите бил да го повторат барањето до судот во иднина. Доколку не се изгласаат предлозите на акционерите со приоритетни акции ќе треба повторно да поднесат тужба и судот ќе се повика на претходно донесените одлуки. Предлозите на акционерите со приоритетни акции се доколку Банката донесе одлука за поделба на дивиденда, истата да биде поделена сразмено на имателите на обични и на приоритетни акции. Имателите на приоритетни акции, кои се 3.600, се 2,5% во основниот капитал. Од 65 милиони евра би требало 2,5 милиони евра, односно 1,6 милиони евра, да бидат исплатени на акционерите имателите на приоритетни акции. Наведе дека има основ за ова барање, а тоа е правниот однос создаден во деведесетите години. Во договорот со кој Национална банка на Грција ја купила Стопанска банка АД Скопје, никаде не стоел зборот приоритетни акции, никаде не биле спомнати. Вториот предлог на акционерите иматели на приоритетни акции е да се дополни Статутот на Стопанска банка АД Скопје со правата на приоритетните

акции, приоритетните акции да имаат право на гарантирана фиксна дивиденда во висина од 200 денари по акција, што е 50% од заработката по акција, што е во согласност со закон, кај други Банки овој процент бил и поголем. Сега се исплаќала дивиденда според формула од деведесетта година која е спротивна на закон. Второто право е право на кумулативна дивиденда, третото право е право на учество во распределбата на добивката, како варијабилен дел во висина што ќе ја утврди Собранието, и четвртото право е право кое е утврдено со закон дека проритетните акции учествуваат подеднакво во поделбата на остатокот од стечајната односно ликвидационата маса на Банката. Во 2019 година било свикано вонредно Собрание на кое беше даден предлог кој му одговара само на мнозинскиот акционер, на кој предлог акционерите со приоритетни акции не се согласиле. Третото барање е за конверзија на приоритетните акции кое се поставува шест години со ред, со однос на конверзија согласно номиналниот износ, што е во согласнот со законот, а тоа е еден спрема два. Имало предлог за конверзија од 1 спрема 0,4, а потоа од 1 спрема 0,8, кој предлог не бил прифатен од акционерите со приоритетни акции. --------------------------

За збор се јави акционер Мирјана Стојчева, имател на приоритетни акции, која наведе дека порано била вработена во Банката и дека Стопанска Банка АД Скопје остварувала фонд за заедничка потрошувачка во кој сите вработени издвојувале соодветен износ од месечните примања и во овој фонд имало значителен имот, одмаралиште во Охрид, Дојран, Бабин Кук и други места, за кој имот имала сознание дека бил преземен од НБГ и продаден, а врзботените не добиле средства од тој имот, така што се оштетени и по тој основ. Акционерот навде дека е прогласена за технолошки вишок во 2004 година, а има сознание дека тоа покасно се случило, или порано. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг од акционерите не побара збор, Претседавачот го стави на гласање Предлогот за распределба на добивката на Банката за 2024 година и нераспределената добивка од претходните години, во кој ќе се предвиди износ кој што би се распределил за плаќање дивиденда и кој ќе биде сразмерно поделен помеѓу имателите на акции, и ги покани прво акционерите кои се иматели на обични акции да гласаат под истиот. -------------------------------------------------------------------------------------

Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За Предлогот за распределба на добивката на Банката за 2024 година и нераспределената добивка од претходните години, во кој ќе се предвиди износ кој што би се распределил за плаќање дивиденда и кој ќе биде сразмерно поделен помеѓу имателите на акции, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 8.373 гласа-ЗА, 16.534.891 гласа-ПРОТИВ, и 56.475 гласа-ВОЗДРЖАНИ.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Предлогот за распределба на добивката на Банката за 2024 година и нераспределената добивка од претходните години, во кој ќе се предвиди износ кој што би се распределил за плаќање дивиденда и кој ќе биде сразмерно поделен помеѓу имателите на акции, не е усвоен од акционерите кои се иматели на обични акции. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека во однос на гласањето на приоритетните акции, се утврдува дека не постои потребниот кворум кај акционерите со приоритетни акции, поради што не може да се донесе валидна одлука по оваа точка. -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа Претседавачот го стави на гласање Предлогот за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, поврзано со правата на приоритетните акции, и ги покани прво акционерите кои се иматели на обични акции да гласаат под истиот. ----

Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За Предлогот за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, поврзано со правата на приоритетните акции, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 1.383 гласа-ЗА, 16.524.590 гласа-ПРОТИВ, и 73.766 гласа-ВОЗДРЖАНИ.----------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Предлогот за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, поврзано со правата на приоритетните акции, не е усвоен од акционерите кои се иматели на обични акции. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека во однос на гласањето на приоритетните акции, се утврдува дека не постои потребниот кворум кај акционерите со приоритетни акции, поради што не може да се донесе валидна одлука по оваа точка. -------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Акционер Влатко Ташковски, имател на приоритетни акции, побара да се одложи гласањето на акционерите иматели на приоритени акции, при што Претседавачот одговори дека Собранието ќе продолжи со работа согласно Дневниот ред. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа Претседавачот го стави на гласање Предлогот за конверзија на приоритетни акции во обични акции согласно нивната номинална вредност, и ги покани прво акционерите кои се иматели на обични акции да гласаат по истиот. ---------------------------

Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За Предлогот за конверзија на приоритетни акции во обични акции согласно нивната номинална вредност, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 1.463 гласа-ЗА, 16.524.590 гласа-ПРОТИВ, и 73.686 гласа-ВОЗДРЖАНИ.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Предлогот за конверзија на приоритетни акции во обични акции согласно нивната номинална вредност, не е усвоен од акционерите кои се иматели на обични акции. -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека во однос на гласањето на приоритетните акции, се утврдува дека не постои потребниот кворум кај акционерите со приоритетни акции, поради што не може да се донесе валидна одлука по оваа точка. -------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието продолжи со работа по точката четири од Дневниот ред- Донесување Одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска Банка АД Скопје, и точката пет од Дневниот ред - Утврдување на пречистен текст на Статутот на Стопанска Банка АД Скопје. Претседавачот ги информираше присутните акционери и нивни полномошници дека точката четири и точката пет се меѓусебно поврзани и зависни и се однесуваат на прашања од областа на корпоративното управување на Банката и зајакнување на сениор менаџментот. Предложените измени со Статутарна одлука се однесуваат на измените во член 55 од Статутот, кои се однесуваат на големината и составот на Извршниот одбор. Како дел од зајакнувањето на управувачката структура и обезбедувањето посеопфатни процеси на донесување одлуки, се предлага сегашната

големина и состав на Извршниот одбор да се зголеми со два нови члена – Сениор директор за правни работи и Сениор директор за мали компании. Со воведување на овие две позиции и нивно вклучување како членови во Извршниот одбор, Банката обезбедува систематска интеграција на СББ сегментот, Правната експертиза и управувањето со ризици во сите клучни препораки до Надзорниот одбор. По одобрување од страна на Собранието, Банката ќе ги инкорпорира измените во ревидираниот текст на Статутот и ќе го достави на одобрување до Народната банка на Република Северна Македонија. Претседавачот отвори дискусија по овие точки. --------
За збор се јави акционер Влатко Ташковски, имател на приоритетни акции, кој наведе дека не е точно дека акционерите ги имаат сите права утврди со законите и Статутот. Од страна на Комисијата за хартии од вредност на 28 февруари 2019 година на Банката и е укажано дека Статутот не е усогласен со закон, но Банката ја игнорира таквата забелешка, иако во член 606 од Законот за трговските друштва е наведено дека таквото усогласување требало да биде направено до 30 јуни 2005 година, Банката работи со незаконски Статут дваесет и една година. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Стопанска Банка АД Скопје и пречистен текст на Статутот на Стопанска Банка АД Скопје. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Стопанска Банка АД Скопје и пречистен текст на Статутот на Стопанска Банка АД Скопје, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.582.371гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 17.368 гласа-ВОЗДРЖАНИ.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Стопанска Банка АД Скопје и пречистениот текст на Статутот на Стопанска Банка АД Скопје, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред да се пристапи кон гласање по точката четири и пет, тројца акционери иматели на приоритетни акции ја напуштија седницата на Собранието, што беше евидентирано од страна на бројачот на гласови. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се пристапи кон шестата точка од Дневниот ред-Донесување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, и седмата точка од Дневниот ред - Донесување на Одлука за усвојување на Консолидираната Годишна сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година. Претседавачот појасни дека точката шест и точката седум се поврзани и се однесуваат на годишната сметка и финансиските извештаи за 2024 година, како поединечни така и консолидирани, односно вклучувајќи ги и финансиските резултати на Стопанска Лизинг ДООЕЛ Скопје. Понатаму наведе дека Финансиските извештаи на Стопанска Банка АД Скопје за 2024 година се составени согласно Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи, пропишана од страна на Народна банка на Република Северна Македонија, после што отвори расправа по овие точки. ----------------
За збор се јави акционер Влатко Ташковски, имател на приоритетни акции, кој наведе дека во Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година и во Консолидираната Годишна сметка и Финансиските извештаи на

Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, ставките останати обврски и запишан капитал не се во согласност со меѓународните сметководствени стандарди, односно се погрешни, бидејќи во билансната состојба стои 3 милијарди 511 милиони денари, а во белешките стои 3 милијарди 602 милиони денари. ----------------------------------------

За збор се јави акционер Роза Иванова, имател на приоритетни акции, која наведе дека на влезот во Банката стои Банка на минатото и Банка на иднината, дали при разгледувањето на финансиските извештаи се помислило на 3.600 луѓе кои работеле во Банката и оставиле стручна и материјална база од која денеска се остварува профит и дали Национална банка на Грција има во Грција толкава профитна маржа како што остварува тука, и изрази уверување дека тоа не е ниту една третина. Наведе дека Банката со ништо не се оддолжила на 3.600 вработени кои не биле обештетени нуту за нивните средства издвојувани за заедничка потрошувачка кои не биле имот на Банката туку на вработените. ----------------------------------------

За збор се јави акционер Снежана Манчева, имател на приоритетни акции, која наведе дека Банката има направено многу пропусти на законски прописи, приоритетните акции никаде не се прикажани во билансот на состојба, грешката е во финансиските извештаи, Собранието ќе усвои неточни финансиски извештаи бидејќи во капиталот го нема учеството на приоритетните акции. ----------------------------------------

За збор се јави акционер Благој Митров, имател на обични и на приоритетни акции, кој наведе дека Банката има остварено одлични финансиски резулати, дека е прва банка во однос на адекватноста на капиталот, има најголемо кредитно портфолио, успешно работи и треба да се искаже почит на раководниот тим за постигнатите резултати, проблемот со приоритетните акции треба да се реши на мирен начин и да се изнајде решение со тек на време. Постави прашање колку средства остануваат за делење на дивиденда над вишокот на адекватност на капиталот. ----------------------------------------

Одговор на прашањето даде г-ѓа Мирјана Трајановска, која наведе дека вкупната расположива добивка вклучувајќи ги и претходните години изнесува 138 милиони евра. На ова Собрание се предлага 65 милиони евра да се распределат за дивиденда на акционерите иматели на обични акции, 60 милиони евра да бидат за зголемување на капиталот, 8 милиони евра да се реинвестираат за материјални и нематеријални средства за поддржување на дејноста и околу 12 до 13 милиони евра остануваат расположливи за распределба во иднина, вклучувајќи ја и тековната добивка која ќе се генерира во текот на 2025 година. ----------------------------------------

Акционерот Влатко Ташковски наведе дек е во одговорот се кажани повеќе од 138 милиони евра. ----------------------------------------

Г-ѓа Мирјана Трајановска наведе дека разликата во износот е заради износот за реинвестирање кој е вклучен во наведените 138 милиони евра. ----------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.583.871 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 15.868 гласа-ВОЗДРЖАНИ.----------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ----------------------------------------

Потоа Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за усвојување на Консолидираната Годишна сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за усвојување на Консолидираната Годишна сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.584.845 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 14.894 гласа-ВОЗДРЖАНИ.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Консолидираната Годишна сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на осмата точка од Дневниот ред- Разгледување и усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор. Претседавачот појасни дека Ревидираните финансиски извештаи се подготвени согласно домашните сметководствени стандарди од страна на овластен надворешен ревизор – ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, и истите се разгледани од Одборот за ревизија и одобрени од Надзорниот одбор на Банката. Овластениот надворешен ревизор потврди дека финансиските извештаи за 2024 година во сите материјални аспекти се направени согласносметководствените стандарди важечки во Република Северна Македонија. На 29.4.2025 година членовите на Надзорниот одбор на Банката ги разгледале ревидираните финансиски извештаи и соодветното ревизорско мислење при што било заклучено дека финансиската позиција и резултатите од работењето на Банката се презентирани објективно и точно во релевантните финансиски извештаи. Пред да отвори дискусија по Финансиските извештаи Претседавачот му даде збор на претставникот на надворешниот ревизор, г.Симе Јовановски, да се обрати на акционерите. ---------------------------------------------------------------------------------------------------
Претставникот на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, г. Симе Јовановски, наведе дека ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје има извршено ревизија на посебните и консолидираните фінасиски извештаи на Банката врз основа на документација приложена од менаџментот кој одговара за нејзината веродостојност, а ревизијата е извршена согласно сметководствените стандарди важечки во Република Северна Македонија. Врз основа на прибавените докази ревизорот има издадено мислење дека посебните и консолидираните финасиски извештаи на Банката ја прикажуваат објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Банката и поврзаните субјекти заклучно со 31.12.2024 година, резултатите од работењето како и паричните текови, во согласност со регулативата. -------------------------------------------------------
За збор се јави акционер Влатко Ташковски, имател на приоритетни акции, кој наведе дека финасиските извештаи не се во согласност со регулативата на државата, ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје направил ревизија на погрешни финансиски извештаи, ќе биде побаран независен ревизор кој ќе го побие мислењето на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, и наведе дека усмено побарал да му биде одземена лиценцата на ревизорот. ------------------------------------------------------------------
Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката за усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со

кревање на рака. За предложената Одлука за усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.582.421 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 17.318 гласа-ВОЗДРЖАНИ.------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. --------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Пред да се пристапи кон гласање по точката осум, двајца акционери иматели на приоритетни акции ја напуштија седницата на Собранието, што беше евидентирано од страна на бројачот на гласови. -----------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Се премина на деветтата точка од Дневниот ред- Разгледување и усвојување на Консолидирани финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор. Претседавачот констатира дека од страна на претставникот на ревизорот е даден краток осврт и на консолидираните ревидирани финансиски извештаи, после што отвори расправа по оваа точка. -----------------------------
За збор се јави акционер Влатко Ташковски, имател на приоритетни акции, кој наведе дека по оваа точка ги има истите забелешки како што се наведени во неговата дискусија по точките шест, седум и осум од Дневниот ред. -------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката за усвојување на Консолидирани финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за усвојување на Консолидирани финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.582.371 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 17.368 гласа-ВОЗДРЖАНИ.------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Консолидирани финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. --------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Собранието продолжи со работа по точката десет од Дневниот ред- Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД Скопје во 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор. Претседавачот појасни дека согласно Законот за трговските друштва, членовите на Управниот одбор подготвуваат и доставуваат Годишен извештај за работењето на Банката за 2024 година. Извештајот се доставува до Надзорниот одбор кој го разгледува и изготвува писмено мислење и ги доставува до Собранието на акционери на разгледување и одобрување. На 29.4.2025 година, Надзорниот одбор го разгледал Годишниот извештај и потврдил дека Извештајот дава правична и објективна слика за работењето на Банката во текот на 2024 година. Претседавачот отвори расправа по оваа точка. ---------------------------------------
За збор се јави акционер Влатко Ташковски, имател на приоритетни акции, кој наведе дека по оваа точка ги има истите забелешки како што се наведени во неговата

дискусија по точките шест, седум, осум и девет од Дневниот ред. -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД Скопје во 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД Скопје во 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.582.315 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 17.424 гласа-ВОЗДРЖАНИ.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД Скопје во 2024 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор., и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По единаесетата точка од Дневниот ред- Донесување Одлука за распоредување на добивката за 2024 година, Претседавачот појасни дека во согласност со Законот за банки, Законот за трговски друштва и Статутот на СБ, Собранието на акционери со оваа одлука ја распределува добивката, по предлог на Надзорниот одбор. Потоа и даде збор на г-ѓа Мирјана Трајановска – Сениор директор за ликвидност и финансии и именуван кандидат за Генерален директор за финансии и член на Управен одбор, накратко да го презентира предлогот за распоредување на добивката за 2024 година. Г-ѓа Мирјана Трајановска – Сениор директор за ликвидност и финансии, во своето излагање наведе дека Стопанска Банка АД Скоје во 2024 година има остварено добивка по оданочување во износ од 3 милијарди 547 милиони 355 илјади 580 денари. На Собранието на акционери се дава предлог добивката да се распредели на следниот начин-задржана добивка ограничена за распределба во иднина во износ од 3 милијарди 55 милиони и 382 илјади денари која ќе биде ограничена за распределба во иднина и ќе служи за зајакнување на капиталната основа на Банката и задржана добивка за инвестиции во износ од 491 милион 973 илјади и 580 денари која ќе служи за поддржување на деловните активности за инвестирање во материјални и нематеријални средства во текот на 2025 година. Претседавачот отвори расправа по оваа точка. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционер Венко Темелковски, кој наведе дека на денешната седница слушнал многу жални приказни од поранешни вработени на Банката за состојби за кој тој со ништо не придонесол бидејќи е приватен инвеститор кој има купено акции на Берза, ја поздрави работата на Банката која со години остварува забележителни резултати и упати честитки за работењето. Наведе дека е сопственик и на обични и на приоритетни акции, и како и на претходните седници на Собранието се обрати до менаџментот да се најде начин да се реши проблемот со приоритетните акции. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката за распоредување на добивката за 2024 година. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за распоредување на добивката за 2024 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.572.789 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 26.950 гласа-ВОЗДРЖАНИ.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за распоредување на добивката за 2024 година, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Се премина на дванаесетата точка од Дневниот ред- Донесување Одлука за прераспределба на дел од акумулирана добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите. Претседавачот повторно и даде збор на г-ѓа Мирјана Трајановска – Сениор директор за ликвидност и финансии накратко да го презентира предлогот за прераспределба на дел од акумулирана добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите. ---------------------------------------------------------------------
Г-ѓа Мирјана Трајановска наведе дека со оваа Одлука се прави дополна на износот на капиталот кој што е потребен да се испочитуваат регулативните обврски од страна на централната банка и да се поддржи деловниот план и развојната политика на Банката, се предлага делот од слободната добивка остварена во 2022 година, односно износот од 10 милиони евра да се пренесе во добивка ограничена за распределба на акционерите во иднина и со тоа вкупниот износ на капиталот односно капиталната адекватност изнесува 60 милиони денари, со што се исполнува барањето на регулаторот Народната банка на РСМ. ------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори расправа по оваа точка. ----------------------------------------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката за прераспределба на дел од акумулирана добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за прераспределба на дел од акумулирана добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.583.345 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 16.394 гласа-ВОЗДРЖАНИ.-----------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за прераспределба на дел од акумулирана добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Се премина на тринаесетата точка од Дневниот ред- Донесување Одлука за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите. Претседавачот повторно и даде збор на г-ѓа Мирјана Трајановска – Сениор директор за ликвидност и финансии накратко да го презентира предлогот за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите. Г-ѓа Мирјана Трајановска наведе дека Банката секоја година од остварената добивка издвојува дел кој е наменет за инвестирање во материјални и нематеријални средства за поддршка на деловните активности на Банката со цел да се искористат даночните олеснувања кои се предвидени со Законот за данок на добивка. Дел од добивката кој бил издвоен со одлука на акционерите во 2024 година за добивката од 2023 година изнесувал 900 милиони, од кој износ за намената бил искористен само 177 милиони 284 илјади 552 денари, а останале неискористени 722 милиони 718 илјади 448 денари, кој износ се предлага да се пренамени во добивка расположива за искористување во иднина. ----------------------------
Претседавачот отвори расправа по оваа точка. ----------------------------------------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за пренамена

на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.586.325 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 13.414 гласа-ВОЗДРЖАНИ.------------------------- -----------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -----------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на четиринаесетата точка од Дневниот ред- Донесување Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2024 година. Претседавачот повторно и даде збор на г-ѓа Мирјана Трајановска – Сениор директор за ликвидност и финансии накратко да го презентира предлогот за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2024 година. ------------------------------------------------------------------------------------------------

Г-ѓа Мирјана Трајановска наведе дека врз основа на Одлуката за издавање на акции и согласно член 487 од Законот за трговските друштва и Статутот на Банката, се предлага Собранието да донесе одлука за исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции, основица за пресметка претставува износот на номиналната вредност на приоритетните акции, а износот на дивиденда се определува врз основа на Одлуката за издавање каде што се пресметува каматната стапка на депозити орочени на една година зголемена за соодветен процентен поен кој што изнесува еден процентен поен согласно Одлуката за издавање. --------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа по оваа точка. ------------------------------------------------

За збор се јави акционер Влатко Ташковски, имател на приоритетни акции, кој наведе дека процентниот поен стои во одлуката од 2006 година, овој процентен поен го определува Комисија за актива и пасива на Банката, која Комисија не е орган на Собранието, и тој е идентичен од 2006 година. Тој орган може да определи и друг процент. Комисијата за хартии од вредност се обратила до Гувернерот на Народна банка на 10.05.2019 година и укажала дека Банката морала да се усогласи со Законот за трговските друштва. Запраша зошто Комисијата не го сменила процентот. --------------

Г-ѓа Мирјана Трајановска одговори дека таквата одлука е во ингеренција на Собранието на акционери. --------------------------------------------------------------------------

Акционер Влатко Ташковски наведе дека Банката не го менува процентот од 2006 година, иако Комисијата за хартии од вредност укажала дека тоа не е правилно и ја известила Банката со допис од 28.02.2019 година дека учеството на акционерите во добивката се уредува со интерни акти на Банката што не соодветствува со законското право на акцијата од член 278, 329, 487 и 490 од Законот за трговските друштва, во смисла на тоа дека не е дозволено законското право да зависи од интерен акт на Банката. Понатаму наведе дека во овие седум години починале 50 акционери по финаниски булевар по кој вози Стопанска Банка. Сите институции се купуваат, има корупнтивни дејствија. Дивидендата на приоритетните акции е утврдена спротивно на законот, спротивно на укажување на Комисијата за хартии од вредност. Побара одговор на прашањето за начинот на определување на дивидендата на приоритетните акции од г-ѓа Мирјана Трајановска, му беше одговорено дека ќе добие одговор во писмена форма. ---------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционер Мирјана Стојчева, имател на приоритетни акции, која се обрати до мнозинскиот акционер со барање оваа точка од Дневниот ред дополнително да се разгледува. ---------------------------------------------------------------------------------

Акционер Влатко Ташковски побара да се свика вонредно собрание на кое ќе се одлучува за дивидендата на приоритетните акции. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2024 година. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2024 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.583.815 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 15.924 гласа-ВОЗДРЖАНИ.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2024 година и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред да се пристапи кон гласање по точката четиринаесет, еден акционер имател на обични акции и еден акционер имател на приоритетни акции ја напуштија седницата на Собранието, што беше евидентирано од страна на бројачот на гласови. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на петнаесетата точка од Дневниот ред- Донесување Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на обични акции. Пред да даде збор повторно на г-ѓа Мирјана Трајановска – Сениор директор за ликвидност и финансии, Претседавачот истакна дека овој предлог е важен момент кој го очекувале и барале голем број акционери повеќе години наназад. Денес ќе се разгледува и гласа предлогот за распределба на дивиденда на имателите на обичните акции што ја демонстрира силната финансиска позиција на Банката, прудентното управување со капиталот, и стратешката поставеност во финансискиот систем, кој што предлог ја демонстрира континуираната посветеност кон обезбедување вредност на акционерите додека пак прудентно се адресираат сите очекувања од регулаторот и идните планови за раст. ------------------------------------------------------------------------------------------------------

Г-ѓа Мирјана Трајановска – Сениор директор за ликвидност и финансии наведе дека Банката има расположива добивка од 2022, 2023 и 2024 година и се предлага дел од расположивата добивка од 2022 година и 2023 година во вкупен износ од 3 милијарди 998 милиони 381 илјада 320 денари да се исплати како бруто дивиденда на имателите на обични акции. Бруто дивидендата по акција изнесува 229 денари. ------ Претседавачот отвори расправа по оваа точка. ----------------------------------------------------------

За збор се јави акционер Влатко Ташковски, имател на приоритетни акции, кој наведе дека г-ѓа Мирјана Трајановска дава погрешни податоци за добивката на Банката и исплатата на дивидендата. Исплатата на дивидендата не смее да биде само на обичните акции. ЧетГПТ дава одговор дека не смеат да се променат правата на акционерите имател на приоритетни акции без промена на правниот однос, а тој не е променет. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на обични акции. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на обични акции, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.594.839 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и

4.900 гласа-ВОЗДРЖАНИ.------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на обични акции, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ----------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред да се пристапи кон гласање по точката петнаесет, тројца акционери иматели на приоритетни акции и еден акционер имател на обични акции ја напуштија седницата на Собранието, што беше евидентирано од страна на бројачот на гласови. --------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на шеснаесетата точка од Дневниот ред- Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2024 година. ------------------

Претседавачот отвори расправа по оваа точка. ---------------------------------------------------

За збор се јави акционер Влатко Ташковски, имател на приоритетни акции, кој наведе дека Банката не работи согласно законските прописи. -------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2024 година. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2024 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.579.365 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 20.374 гласа-ВОЗДРЖАНИ.------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2024 година, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред да се пристапи кон гласање по точката шеснаесет, двајца акционери иматели на приоритетни акции и тројца акционери иматели на обични акции ја напуштија седницата на Собранието, што беше евидентирано од страна на бројачот на гласови. ----
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на седумнаесетата точка од Дневниот ред- Донесување Одлука за поединечно одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и членовите на Управниот одбор за 2024 година. ------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот појасни дека во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва, Годишното собрание по завршување на деловната година одлучува за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и на членовите на Управниот одбор. Ова одобрување претставува формално признавање на нивните активности за управување и надзор за време на извештајниот период. За одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор и Управен одбор се гласа одделно за секој член. Имајќи го ова предвид, предложената Одлука го рефлектира индивидуалниот пристап на одобрувањето на работењето на сите членови. Претседавачот предложи, доколку нема забелешки од присутните акционери, да се гласа по предлогот колективно а притоа доколку некој акционер не го одобрува работењето на било кој од членовите на Управниот или Надзорниот одбор, тоа да биде констатирано. На прашање на Претседавачот дали некој од акционерите се противи на ваквиот предлог, Претседавачот констатира дека никој од присутните акционери не се јави со забелешка или противење на ваквиот предлог. Потоа ги покани акционерите со гласање да се изјаснат по предлогот за одобрување на работата на членовите на Надзорниот и

Управниот одбор за 2024 година. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за поединечно одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и членовите на Управниот одбор за 2024 година. акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.595.889 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 3.850 гласа-ВОЗДРЖАНИ.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за поединечно одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и членовите на Управниот одбор за 2024 година, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред да се премине на следната точка од Дневниот ред на денешната седница, Претседавачот го информираше Собранието на акционери дека мандатите на следните четворица членови на Надзорниот одбор истекле во текот на деловната 2024/2025 година, тоа: ---------------------------------------------------------------------------------------

Мандатот на г. Анастасиос Лизос истекол на ден 07.07.2024 година, ----------------------

Мандатот на г. Јанис Кајулис истекол на ден 07.07.2024 година, --------------------------

Манадатот на г-ѓа Димитра Гудуфа истекол на ден 11.12.2024 година, ---------------------

Мандатот на г. Христодули Христодулос истекол на ден 23.03.2025 година, и--------------

Од страна на Собранието на акционери се констатира дека мандатот на наведените членови е официјално завршен.Врз основа на записникот од оваа седница, службите на Банката ќе се пристапи кон изготвување на формална Одлука со која ќе се потврди дека мандатите на четворицата наведени членови се завршени, со цел нивно бришење од евиденцијата во Централниот регистар на Република Северна Македонија. -------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на осумнаесетата точка од Дневниот ред- Донесување на Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2025 година. Претседавачот појасни дека согласно законските обврски, Одборот за ревизија, предлага назначување на овластено друштво за ревизија, предлогот се одобрува од Надзорниот одбор, за потоа Собранието на акционери врз основа на доставениот предлог да го избере овластеното друштво за ревизија. Следејќи ја погоре опишаната постапка, Одборот за ревизија на Стопанска Банка АД - Скопје на седницата одржана на 28.04.2025 година го утврдил предлогот за избор на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, (PricewaterhouseCoopers Revizija DOO Скопје) како овластено друштво за ревизија која ќе изврши ревизија на финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Банката за деловната и фискална 2025 година, во согласност со домашната регулатива. Претседавачот отвори распарава по оваа точка. ------------------------------------------------

За збор се јави акционер Влатко Ташковски, имател на приоритетни акции, кој наведе дека со оглед на повеќегодишното погрешно мислење на предложениот ревизор, Банката не треба да го назначи за ревизор за 2025 година. -------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката за назначување на овластено друштво за ревизија за 2025 година. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со

кревање на рака. За предложената Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2025 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.583.815 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 15.924 гласа-ВОЗДРЖАНИ.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за назначување на овластено друштво за ревизија за 2025 година., и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако констатира дека се исцрпени сите точки од Дневниот ред, Претседавачот им се заблагодари на присутните акционери и нивни полномошници за нивното присуство и учество во работењето на Собранието, после што ја затвори седницата во 14 (четиринаесет) часот и 48 (четириесет и осум) минути. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието, и дека го предупредив на правните последици од ваквата правна работа. -----------------------------------------------------------------------------------------------------

Учесникот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој записник во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. ---------------------------------------------------------

Овој записник е составен на деветнаесет страни од деветнаесет листа. На претседавачот на учесникот му е издаден еден извод, како и по еден извод за Стопанска Банка АД Скопје, Народната Банка на Република Северна Македонија и Централниот ргистар на Република Северна Македонија. Изворникот на записникот се чува во мојата архива. ------------------------------------------------------------------------------------

Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси во износ од 500,00 денари е уредно наплатена. ----------------------------------------------------------------------------------

Нотарската награда е пресметана во износ од 16.000,00 денари, согласно член 41 став 1 точка г и член 54 став 1 од Нотарската тарифа (Службен весник на Република Северна Македонија број 226/2016 и број 33/2019). ----------------------------------------------------------------

Учесник во постапката, Претседавач г-ѓа Наташа Трпеноска-Тренчевска, с.р.

Нотар

Зорица Пулејкова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА СКОПЈЕ

**Јас НОТАР, ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА**

Бул. К. Ј. Питу бр. 15 Скопје

(име, презиме и седиште - адреса)

**потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.**

**Овој е** цел **извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени преписи од прилогот на нотарската исправа.**

**Број: ОДУ** 78/25

**Во** Скопје 30.05.**20**25 **година НОТАР**

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ